РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-381/3
05.04.2023 год.
КОНЧЕ

Друштво за градежништво, трговија и инженеринг
Доминг ЈТД Јован Костадинов
Бр. 02-38
06.04.2023 год.
Радовиш

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

За изработка на проектна документација за потребите на Општина Конче

Склучен помеѓу:

1. **Општина Конче**, со седиште во с.Конче, општина Конче, застапувана од Златко Ристов, Градоначалник на општина Конче, во (понатамошниот текст ДОГОВОРЕН ОРГАН) една страна

И

2. **Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов**, Радовиш, со седиште на ул."Илија Алексов" , б.б. Радовиш со ЕДБ 4023998107436, ЕМБС 5209790, застапувано од Јован Костадинов – управител на друштвото, (во понатамошниот текст НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА) од друга страна.

## Предмет на договорот

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на услуги – Изработка на проектна документација со вклучена ревизија за потребите на општина Конче, согласно техничките спецификации утврдени во тендерската документација, врз основа на огласот за доделување на договор за јавна набавка број 3382/2023 спроведена како поедноставена отворена постапка преку ЕСЈН, а завршува со електронска аукција како и согласно одлуката за избор на најповолна понуда со број 09-381/2 од 24.03.2023 година.

**Член 2**

Изведувачот е должен да ја изработи проектно-техничката документација што е предмет на овој договор во согласност со условите од постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги за изработка на проектно-техничка документација.

## Вредност на договорот

**Член 3**

Единечните цени за секоја ставка посебно од техничката спецификација се дадени по понудата на економскиот оператор која е составен дел на договорот.

Цената на услугите по спроведена електронска аукција е превземена од Извештајот за спроведена постапка во која носителот на набавката постигна најниска цена со единечни цени во износ од 856.520,00 денари без пресметан ДДВ, односно 1.010.693,6 денари со пресметан ДДВ, износ на ДДВ од 154.173,6 денари.

Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши набавката во целиот ( горенаведен ) износ.

Договорот претставува основ за сукцесивна набавка на гореспоменатите услуги во моментот кога ќе му бидат потребни истите.

## Услови, рок на плаќање

**Член 4**

Договорниот орган се обрвзува плаќањето на носителот на набавката да го врши одложено во рок од 60 дена по извршувањето на услугата и приемот на фактурата во архивата на договорниот орган на сметка и банка за која писмено ќе го извести носителот на набавката.

## Обврски на носителот на набавката

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува:

- Да ги испорача услугите согласно добиеното барање - налог за извршување на услугата во рок од 30 (триесет) дена од денот на добивање на барањето.
- Рокот на испорачување на услугата може да се продолжи ако за истото има оправдани причини за кои носителот на набавката треба да го извести договорниот орган и за истото да ги наведе причините.
- Да ги испорача услугите стручно и квалитетно согласно важечките прописи и стандарди од соодветната област.
- Изведувачот е должен да определи ревидент што ќе врши ревизија на предметот на договорот. Доколку изведувачот не определи ревидент или не постапи по забелешките на нарачателот и ревидентот и во рок од 5 дена не ја достави корегираната документација, нарачателот има право да го раскине договорот.

Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги испорача услугите од барањето, должен е писмено да го извести набавувачот.

Во тој случај ќе биде ангажиран друг изведувач на сметка на носителот на набавката.

## Обврски на договорниот орган

**Член 6**

Договорниот орган е должен:

-Да го воведе во работа изведувачот со барање – налог за извршување на услуги дадени во техничка спецификација во кој се утврдува видот, обемот и рокот на изведување на услугите.

-По потпишувањето на Договорот да определи службено лице за техничка контрола на документацијата и за тоа да го извести Изведувачот;

-Во примерен рок од приемот на документацијата да изврши преглед на проектната документација.

## Рок на испорака на услугата

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да ја извршува услугата во период од 12 (дванаесет) месеци од потпишувањето на договорот.

## Виша сила

**Член 8**

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира сето она што е регулирано со Закон за облигациони односи и Закон за градење. Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## Раскинување на договорот

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

За неизвршување или неквалитетно извршување на услугите во утврдениот рок за кои е даден налог, договорот може да биде раскинат и носителот на набавката ќе има обврска да плати договорна казна во висина од 20% од вредноста на услугите, предмет на договорот согласно Законот за облигациони односи.

**Член 10**

Договорниот орган може да го раскине Договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителен рок.

## Корупциско или измамничко однесување

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на рализацијата на овој Договор.

## Завршни одредби

**Член 12**

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на договорните страни.

Договорот се склучува за период до целосно исполнување на обврските на договорните страни, а најмногу за период од 1(една) година од денот на склучувањето.

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за градење, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 13**

Во случај на спор кој би произлегол од овој Договор, а договорните страни не би можеле да го решат со спогодба, ќе го решава надлежниот суд во Струмица.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 4 ( четири ) истоветни примероци, од кои по 2 ( два ) за секоја договорна страна.

**НАРАЧУВАЧ:**
Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов

**ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА:**
ДГТИ ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов
Управител
Јован Костадинов

Составни делови на овој договор се:

1. Понуда од економскиот оператор

## Прилог 1 ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 03382/2023 за доделување на договор за јавна набавка на УСЛУГИ за ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА КОНЧЕ, во поедноставена отворена постапка со објавување на оглас со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**КОРЕГИРАНА ПОНУДА**

### IV.1. ОПШТ ДЕЛ

IV.1.1.Име на понудувачот: ДГТИ Доминг јтд Јован Костадинов Радовиш

IV.1.2. Контакт информации

Адреса: ул.Илија Алексов бб . Радовиш

- Телефон: 032 630 240 078 214 499
- Факс: 032 630 240
- Е-пошта: domingjovan@yahoo.com
- Лице за контакт: Јован Костадинов

IV.1.3. Одговорно лице: Јован Костадинов

IV.1.4. Даночен број: МК 4023998107436

IV.1.5. Матичен број: 5209790

IV.1.6.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Листата на цени и рокови на испорака.

IV.1.7. Нашата понудата е составена од следниве:

- ☒ Пополнет образец на Понуда составена од ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА, дадена како Прилог А,
- ☒ Изјава за документи за докажување на способноста /документи за докажување на способноста,
- ☒ документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност,
- ☒ документи за докажување на Техничката и професионалната способноста,
- ☒ изјава за сериозност на понудата,
- ☐ ______________________________________________.

IV.1.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

(Прилог: Финасиска понуда Предмер-Пресметка)

| ...оекти за линиски инфраструктурни градби | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ...ед бр. | О П И С | Един. Мера | Коли-чина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
| 1 | Основен проект за Локални патишта (реконструкција на постојни и изградба на нови), комплет со сите објекти (пропусти, канафки, риголи, банкини, одводнување, мали мостови 20 до 30 м должина комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 1,2,3,5 и 6) | км | 1.0 | 152 000,00 | 27 360,00 |
| 2 | Основен проект за Улици (реконструкција на постојни и изградба на нови), комплет со: нова или рехабилитација на постојна коловозна конструкција, рабници и тротоари, комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 1,2,3,5 и 6) | км | 1.0 | 304 000,00 | 54 720,00 |
| 3 | Основен проект за отворени канали (речни корита во населени места) со должина до 1000 метри, комплет со сите содржина од Техничката спецификација | км | 1.0 | 3 800,00 | 684,00 |
| 4 | Сообраќаен проект за постојан режим на сообраќај по локални патишта и улици комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 4) | км | 1.0 | 760,00 | 136,80 |
| 5 | Основен проект за Системи за водоснабување (реконструкција на постојни и изградба на нови), комплет со придружни објекти на траса, содржини и водови (каптирање/пумпна станица, доводен цевковод, примарна и секундарна водоводна мрежа, резервоар со сите потребн објекти на траса шахти за воздушен вентил, испустен вентил, регулатор на проток и притисок доколку се јави потреба, препумпни станици доколку се јави потреба), комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 1,2,3.5 и 6) | км | 1.0 | 76 000,00 | 13 680,00 |
| 6 | Основен проект за Канализациони системи (реконструкција на постојни и изградба на нови), комплет со придружни објекти на траса, содржини и водови (примарна и секундарна канализациона мрежа, пречистителна станица за третман на отпадни води за еквивалент на жители согласно пресметките, препумпни станици доколку се јави потреба), комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 1,2,3,5 и 6) | км | 1.0 | 3 800,00 | 684,00 |
| 7 | Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со ревизија, комплет со сите содржина од Техничката спецификација (Содржина: Реден бр. 7) | км | 1.0 | 304 000,00 | 54 720,00 |

| | 2 . Основни проекти за Објекти од втора категорија, класа на намени "В1 – Образование и наука, В2 – Здравствена и социјална заштита, В3 – Култура и В4 – Државни администрации и институции" | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | О П И С | Един. Мера | Коли-чина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
| 8. | Основен проект за изградба или реконструкција на објекти од втора категорија, класа на намени "В1 – Образование и наука, В2 – Здравствена и социјална заштита, В3 – Култура и В4 – Државни администрации и институции комплет со сите потреби фази (архитектура, статика, електрика, водовод и канализација, машинство, вклучително и енергетска ефикасност), комплет со сите содржина од Техничката спецификација | м² | 1,0 | 2 280,00 | 410,00 |

| 3. Основни проекти за Објекти од втора категорија, класа на намени "Д" | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | О П И С | Един. Мера | Коли-чина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
| 9. | Повеќенаменски спортски терени (мал фудбал, ракомет, кошарка,) Комплет со сите содржини и водови, комплет со сите содржина од Техничката спецификација | м² | 1,0 | 1 520,00 | 273,60 |
| 10. | Фудбалско игралиште за голем фудбал (тревнат стадион со пропратни објекти) | м² | 1,0 | 1 520,00 | 273,60 |

**Основни проекти за Партерно уредување (Урбана опрема)**

| Ред Бр. | О П И С | Един. Мера | Коли-чина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Основен проект за Партерно уредување на слободни површини во населените места во површина од 200-500 м²,комплет со сите содржини и водови: урбана опрема, осветлување, наводнување на зелени површини (доколку има потреба) од водоводна мрежа и водовод и канализација од градска водоводна односно канализациона мрежа, како и пристапот до улица, комплет со со сите содржина од Техничката спецификација | по проект | 1.0 | 1 520,00 | 273,60 |
| 12. | Основен проект за оградни ѕидови- со партерно уредување на истите површина, комплет со сите потребни содржини и водови: урбана опрема, пристапни патеки и платоа, хортикултурно уредување, потпорни односно разделни ѕидови и др. комплет со сите содржина од Техничката спецификација | м² | 1.0 | 1 520,00 | 273, 60 |
| 13. | Основен проект за Пешачки патеки (пристап до туристички и историски локалитети) комплет со сите содржини и водови: потпорни и парапетни ѕидови, пешачки мостови, урбана опрема на попатни места за одмор и останати содржини од локален материјал (вклопување во амбиентот), комплет со сите содржина од Техничката спецификација | км | 1.0 | 3 800,00 | 684,00 |
| | **<u>СЕ ВКУПНО</u>** | | | **856 520,00** | **154 173,60** |

IV.2.1. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

<u>**856 520,00**</u> *[со бројки]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува:

<u>**154 173,60**</u> *[со бројки]* денари.

IV.2.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

IV.2.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот договор.

Место и датум

Радовиш, 04.04.2023 год

Одговорно лице

Jovan Kostadinov

(потпис и печат)*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него*